РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 15-01-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 — 245/1 | | | |

До: Државна комисија за спречување на корупцијата
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Фотокопии од записниците од кадровските совети на ниво бригада или повисоко со кои се предлага порано (предвремено) унапредување на Сашко Лафчиски од бригаден генерал во генерал-мајор, согласно одредбите и постапката утврдени во членот 61 од Законот за службата во Армијата на Република Северна Македонија

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 13.1.2025 година . [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Burim Abazi**

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | Tuesday, January 14, 2025 8:00 AM |
| **To:** | b.abazi@dksk.org.mk; contact@dksk.org.mk |
| **Subject:** | барање за пристап до информации од јавен карактер |
| **Attachments:** | барање за пристап_360.PDF |

Почитувани,

Во прилог на ова електронско писмо ви испраќам едно барање за пристап до информации од јавен карактер.

Се најдобро,

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-245/2
30-01-2025 г./v

Врз основа на член 20 став 2 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-345/1 од 15.01.2024 година, доставено од [redacted] го донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-245/1 од 15.01.2025 година, доставено до ДКСК, **СЕ ОДБИВА**.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер доставено од страна на баратeлот [redacted] во електронска форма (преку е-маил) заведен под наш архивски бр. 03-245/1 од 15.01.2025 година со кое побара:
***„Фотокопии од записниците од кадровските совети на ниво бригада или повисоко со кои се предлага порано (предвремено) унапредување на Сашко Лафчиски од бригаден генерал во генерал-мајор, согласно одредбите и постапката утврдени во членот 61 од Законот за службата во Армијата на Република Северна Македонија".***
Имателот на информации – ДКСК утврди дека бараната информација исклучок согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

По разгледување на барањето се констатираше следното: До ДКСК е доставена пријава од непознат подносител. По доставената пријава е оформен предмет, по кои постапка е се уште во тек и од страна на ДКСК не е донесена Одлука. По завршување на постапката ДКСК ќе донесе одлука и истата ќе се објави на веб страницата на ДКСК во деперсонализирана форма.

Предмет на ова барање се информации за кои во моментот во ДКСК се води постапка. Имено согласно со постојната регулатива ДКСК постапува по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

По разгледување на предметот, се констатира дека се работи за информација од член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поради што се пристапи кон спроведување на тест за штетност.

Согласно член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер информацијата имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката.

ДКСК, постапувајќи во смисла на член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со член 3 став 1 точка 6 од истиот закон, ги разгледа последиците кои можат да настанат доколку позитивно одговори на барањето и бараните документи го достави до барателот и тоа: интересот кој се заштитува во однос на јавниот интерес кој би се постигнал со доставување на бараниот документ и тоа: правото на пристап кон информациите, начелото на јавност и јавна контрола на вршење на власта, јавните овластувања, службената должност и положба, како и работите од јавен интерес и сл.

Со оглед на ваквата фактичка состојба и по разгледување на барањето за пристап до информации од јавен карактер, ДКСК посебно ја разгледа можноста за овозможување на делумен пристап на барателот до бараната информација но со оглед на тоа дека постапката е сеуште активна ДКСК процени дека давањето на информацијата би имало штетни последици за текот на постапката

Со оглед на наведеното, по спроведувањето на тестот на штетност со смисла на член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и резултатот од истиот, беше одлучено како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**Изготвил:** Бурим Абази – Службено лице,
**Одобрил:** Адем Чулуљ – Генерален секретар,

Да се достави до:
- подносителот